Република Северна Македонија
Државен архив на Република Северна Македонија

Влада на Република Северна Македонија
Државен архив на Република Северна Македонија
- Сектор за инспекциски надзор, стручен надзор и стручна помош кај имателите –
- Одделение за инспекциски надзор -

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ЗА ПЕРИОД ОД 01.07. – 31.12.2024 ГОДИНА

Дел. Бр. 16-53/1

Датум: 09.01.202

Место: Скопје

Катерина Васиќ

вд Раководител на Одделението за инспекциски надзор

м.п.

во Државниот архив на РСМ

Согласно член 35, алинеја 1 и 2, од Законот за инспекциски надзор („Сл. Весник на РСМ", бр. бр. 102/2019 г.), Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба (Сл. весник на РСМ бр.238/2019), вд Раководителот на Одделението за инспекциски надзор, донесува шестмесечен извештај за работа на инспекциската служба

Резиме

Државниот архив на Република Северна Македонија е надлежен да врши инспекциски надзор врз архивското работење на имателите на јавен архивски и документарен материјал и врз канцелариското и архивското работење на имателите на приватен архивски и документарен материјал. Државниот архив презема и трајно чува јавен архивски материјал кој е сопственост на Република Северна Македонија и презема приватен архивски материјал преку откуп, донација, и слично, за кој ќе оцени дека е од интерес за Република Северна Македонија.

- Согласно Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори во институциите (во понатамошниот текст "Методологија") се пропишува начинот на проценка на ризик, преку идентификација на специфичните ризици во надлежност на контролата од страна на Државен архив и мерењето на степенот на ризиците, а со цел ефективно ефикасно и рационално планирање на обемот и зачестеноста на надзорот над субјектите. Методологијата за проценка на ризик е донесена во 2021 година со дадено позитивно мислење од Инспекцискиот совет, и се однесува на сите субјекти кои се предмет на инспекциски надзор, а ќе се применува од инспекторите од Државниот архив.
- Одделението за инспекциски надзор е организациона единица во состав на Државниот архив на Република Северна Македонија и организациски припаѓа во Секторот за инспекциски надзор, стручен надзор и стручна помош кај имателите. Надзорите беа реализирани од инспекторите од централниот дел од Државниот архив и од инспекторите во деветте подрачни одделенија на Државниот архив кои работат лиценцирани инспектори и имаат право самостојно да вршат инспекциски надзор. Во Одделението инспекциските надзори заклучно до 31.10.2024 г. ги реализираа вкупно 16 извршители (инспекторот од одделение Штип оствари услови за пензионирање), додека до крајот на годината реализираа вкупно 15 инспектори од кои: 1 в.д.раководител на Одделение, 3 советници, и 11 помлади инспектори.
- Инспекциските надзори беа реализирани од вкупно 15 инспектори (заклучно со м.декември) од кои 1 в.д. раководител, кој вршеше надзори согласно чл.58 ст.3 ал.4 од Законот за инспекциски надзор („Сл весник на РСМ" бр.102/19). Инспекциските надзори (редовни, контролни и вонредни) кои се реализираа беа опфатени дејностите од областа на највисоките органи во државата: правосудството, министерства, управи за имотно правни работи трезорска сметка, управи за водење матични книги, комори, јавни претпријатија, култура, образование, труд и социјала, фондови, сојузи, здруженија од јавен интерес, центри за социјална работа, центри за управување со кризи, здравство, клиники, дирекции, агенции, извршители и нотари, универзитети, приватни имателикои се со јавни овластувања и се од интерес за државата.
- Во врска со обуките на инспекторите и административните службеници раководителот на инспекциската служба, инспекторите за архивски материјал во изминатиот период учествуваа на неколку интерни работни состаноци со вд раководителот на Одделението за инспекциски надзор on line, успешно поминати

генерички обуки и реализирана специјализирана обука за стручно усовршување на инспекторите за архивски материјал.

- Одделението за инспекциски надзор нема посебен буџет и функционира во рамките на буџетот на Државниот архив, согласно изготвениот табеларен преглед за предвидени финансиски средства за Одделението за инспекциски надзор за 2024 год.
- Во наредниот период инспекцискатa служба има за цел интерно унапредување на помладите инспектори кои што децении работат во инспекцискатa служба и имаат долгогодишно работно искуство во Државниот архив.

- **Управување со ризици**

Согласно изготвената Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзор, која беше изготвена од номинирани инспектори од инспекцискатa служба и експерт од Инспекцискиот совет, и истата е објавена на web страната на Државниот архив, по претходно позитивно мислење односно Заклучок од Инспекциски совет, се пропишува начинот на проценка на ризик, преку идентификација на специфичните ризици во надлежност на контролата од страна на Државен архив и мерењето на степенот на ризиците, а со цел ефективно ефикасно и рационално планирање на обемот и зачестеноста на надзорот над субјектите. Оваа Методологија се однесува на сите субјекти кои се предмет на инспекциски надзор, а се применува од инспекторите од Државниот архив.

Врз основа на досегашното работење и предметот на инспекциски надзор – архивско работење на имателите, Одделението за инспекциски надзор ги определува ризиците врз основа на законските обврски што треба да ги исполнат имателите согласно Законот за архивски материјал, и тоа: дали донеле План на архивски знаци, Листа на архивски материјал и Листа на документарен материјал со рокови за нивно чување, дали извршиле одбирање на архивскиот од документарниот материјал, дали доставуваат евиденции (опис и попис на архивски материјал), дали го чуваат архивскиот материјал во услови пропишани со закон и дали го предаваат архивскиот материјал на трајно чување во Државниот архив во законски пропишаните рокови.

Одделението за инспекциски надзор во рамките на Државниот архив има ограничени ресурси и ограничена можност за инспекциски надзор, контрола и увид во работењето на субјектите кои се под надзор. Од тие причини ресурсите кои се на располагање се насочени кон спречување на настани кои би предизвикале штети. Од добиените резултати од инспекциските надзори во овој период, може да се констатира дека имателите во најголем број случаи ги почитуваат законските обврски, а имателите кај кои се направени контролни надзори ги исполниле обврските што им биле пропишани со решенија – опомени, во реализираните надзори. Во редовните надзори реализирани во овој период се потврдува дека и понатаму дел од имателите покажуваат недостатоци во работењето во однос на обврската за одбирање на архивскиот од документарниот материјал и негово евидентирање (опис и попис).

Управувањето со ризици значи идентификација на сите релевантни ризици кај субјектите под надзор, нивно мерење, (градација), приоритетизација и контрола. Идентификацијата и мерењето на ризиците се врши преку прибирање на релевантни податоци, нивно систематизирање, обработка и анализа. Градацијата на ризиците, изработена врз база на анализа на податоците е основен критериум при планирањето на надзорите. Плановите за надзор ќе ги насочат и ќе дадат приоритет на инспекциските активности со цел заштитување од најштетните последици.

Зачестеноста на инспекциските надзори и ангажираните ресурси ќе бидат пропорционални со нивото на ризик и активностите на надзорот ќе да бидат насочени кон намалување на реалниот ризик наметнат со неправилностите во работата кај субјектите под надзор.

Начинот на управување со ризиците претставува еден циркуларен процес кој ги содржи следните елементи: анализа на ризиците, утврдување и проценка на ризиците, постапување, следење и известување, затоа веројатноста за случување на штетни последици во однос на имателите на јавен архивски и документарен материјал и имателите на приватен архивски и документарен материјал, се проценува согласно стандардите и други правила за добра практика која ги применува субјектот на надзорот, како и последната утврдена состојба на законитост и безбедност во неговото работење и постапување, инспекторите за архивски материјал може да се соочат со средна веројатност на штетни последици, бидејќи при контролниот инспекциски надзор субјектите на надзор постапуваат по дадените предлог мерки во законскиот рок.

Основен ризик во однос на примената прописите за архивско работење, а во однос на Законот за архивски материјал, Уредбата за канцелариско и архивско работење и Упатството за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцелариското и архивското работење е загрозување на јавниот интерес односно оштетување, исчезнување или уништување на архивски и документарен материјал со што би се нанесле непроценливи штети врз државата, науката, културата, историјата - сега и во иднина и неможност на странките да остварат права од имотно правен карактер, увид во лична евиденција, увид во судска, медицинска документација, документација за школска квалификација како и издавање преписи од горенаведената документација. Основен ризик во однос на примената на прописите за канцелариското и архивското работење кај имателите на приватен архивски и документарен материјал од значење на Републиката е загрозување јавниот интерес и интересот на приватните имателите на архивски и документарен материјал односно оштетување, исчезнување или уништување на архивски и документарен материјал со што би се нанесле непроценливи штети врз државата и историјата на стопанството и индустријата.

Значајно е да се истакне дека по донесените решенија – опомени со инспекциски мерки за отстранување на недостатоците во работењето, субјектите на надзор постапуваат во определениот рок со стручна помош од Државниот архив, кој во рамките на Секторот за инспекциски надзор и заштита на архивскиот материјал кај имателите, има Одделение за стручен надзор и стручна помош кај имателите, чии извршители им даваат стручна помош на имателите за да можат да одговорат на законските обврски за архивско работење.

- **Организација и раководење**

Државниот архив на Република Северна Македонија има статус на управна организација во рамките на државната управа на Република Северна Македонија. По вертикална линија Државниот архив е непосредно поврзан со Владата на Република Северна Македонија и на неа и е одговорен. Со Државниот архив раководи функционер - директор.

Одделението за инспекциски надзор претставува организациона единица во состав на Државниот архив на Република Северна Македонија и организациски припаѓа во Секторот за инспекциски надзор, стручен надзор и стручна помош кај имателите, во чиј состав влегува и Одделението за стручен надзор и стручна помош кај имателите.

Одделението за инспекциски надзор ги евидентира административните и инспекциските постапки во Уписник ИП 1, со сите релевантни податоци за текот на постапката: известување за вршење на надзорот, дали е редовен, контролен или вонреден надзор, придружено со Листа за проверка, датум на изготвување на записник, решение - опомена, со мерки за отстранување на недостатоците во работењето, записник за запирање на постапката, и други натамошни постапки. Согласно насоките од Инспекцискиот совет, инспекциската служба од Државниот архив води месечни планови и статистики-регистри (табели со податоци за инспекциски надзори). Месечниот план и Регистарот, РЕГ-6- РИИ, статистика на извршени надзори, го пополнува раководителот на Одделението, по претходно уредно доставени месечни планови и регистри за извршени инспекциски надзори од инспекторите за архивски материјал, додека Уписникот ИП1 кој се води посебно за централниот дел и посебно во секое подрачно одделение, со овластување го пополнуваат, инспекторот во централното одделение во Државниот архив и инспекторите во секое од подрачните одделенија.

Инспекцискиот совет со допис бр. 03-25/3 од 04.01.2024 год. го извести Државниот архив за кандидатите за инспектор, кои беа номинирани во август 2023 г., Александар Донев од Одделение Струмица и Марија Томиќ Ангелов од Одделение Куманово, дека успешно ја завршиле интерактивната обука во период септември – декември 2023 година, со табеларен преглед за резултатите и исходот од испитот.

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор (Сл. Весник на РСМ бр. 102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување на лиценца на инспектор (Сл. Весник на РСМ бр. 238/19) на ден 25.07.2024, во службена просторија на Државниот архив пред Комисија за полагање на практичен испит за инспектор, формирана од заменик директорот на Државниот архив, бр.16-1983/4 од 22.07.2024 година, се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор. Кандидатот Марија Томиќ Ангелов го положи практичниот дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор. Директорот на Државниот архив на 07.08.2024 г. донесен Решение за распоредување на инспекторот Марија Т. Ангелов за вршење инспекциски надзор за подрачјето на Одделение Куманово од м. септември 2024 г.

За кандидатот за инспектор Александар Донев, заменик директорот на Државниот архив на 12.07.2024 г., донесе Решение за прекин на постапката за полагање практичен дел од испитот за стекнување со лиценца, бидејќи кандидатот за инспектор е именуван за в.д. директор на Управата за сигурност во железничкиот систем.

Согласно законската регулатива и надлежноста на Одделението за инспекциски надзор кон Инспекцискиот совет, во законски определените рокови, во овој шестмесечен период, вд раководителот изготвил и доставил Годишен план за работа на инспекциската служба, заведен под бр. 16-3034/1 од 13.11.2024 г., и за истиот е донесено позитивно мислење од Инспекцискиот совет. Во истиот месец се донесени и уредно доставени до Инспекцискиот совет, Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор под бр.16-3207/1 од 25.11.2024 г. и Годишна програма за специјализирана обука на инспекторите бр.16-3206/1 од 25.11.2024 г.

Ова одделение е задолжено да врши инспекциски надзор врз архивското работење кај имателите на јавен архивски и документарен материјал и врз канцелариското и архивското работење кај имателите на приватен архивски и документарен материјал. Правен основ за вршење инспекциски надзор е Законот за архивски материјал ("Сл. весник на РМ" бр. 95/ 2012, 41/ 2014, 72/2015, 148/2015, 169/2015, 11/2018, 193/24) како lex specialis. При вршењето на инспекцискиот надзор се применуваат одредби на Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр. 124/2015) и Законот за инспекциски надзор (Сл. весник на РСМ 102/2019) и Закон за прекршоци („Службен весник на РМ" бр.96/2019), како и подзаконските акти Уредба за канцелариско и архивско работење („Сл. весник на РМ" бр.1/14) и Упатство за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцелариското и архивското работење („Сл. весник на РМ" бр.99/14). Инспекторите за архивски материјал поседуваат лиценци за вршење на инспекциски надзор, издадени од Инспекцискиот совет, а надзорот го вршат согласно горенаведените законски регулативи. При инспекцискиот надзор кај имателите на јавен архивски материјал се утврдува дали државните органи и јавните институции ги почитуваат обврските предвидени со законските и подзаконските акти за архивско работење.

Инспекцискиот надзор има пред сѐ превентивна функција, а се изрекуваат инспекциски мерки и санкции само тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот. Согласно Законот за архивски материјал една од основните надлежности на Државниот архив е да обезбеди заштита на јавниот архивски материјал кој е сопственост на Република Северна Македонија и да го презема на трајно чување во законски определените рокови. Затоа, во текот на инспекцискиот надзор инспекторите од Државниот архив посебно обрнуваат внимание на условите во кои имателите ги чуваат и ги заштитуваат документите кои согласно Планот со листата на архивски и документарен материјал се дефинирани како архивски материјал и кои по 20 години од нивното создавање ќе бидат предадени на трајно чување во Државниот архив на Република Северна Македонија.

Забелешка: Заклучно до м. Септември вршеа вкупно 16 инспектори за архивски материјал, додека од м.октомври 15 (инспекторот користеше годишен одмор), бидејќи инспекторот од одделение Штип, оствари услови со право на пензионирање.

Во изминатиот период Одделението заклучно со м. декември 2024 г., располагаше со 15 извршители: 1 в.д.раководител на Одделение, 3 советници, 11 помлади инспектори.

За сите новитети во инспекциската служба навремено, уредно, електронски и во хартиена форма по пошта беше известен Инспекцискиот совет.

Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во полугодието, по вид, возраст и звање - Државен архив на РСМ - Одделение за инспекциски надзор

Вид	Инспектор за архивски материјал						Вкупно инспектори					
Ниво-Звање/Возраст	<30 г.	31-40 г.	41-50 г.	51-60 г.	>60 г.	Вкупно	<30 г.	31-40 г.	41-50 г.	51-60 г.	>60 г.	Вкупно
Б1 – генерален инспектор												
Б2 – главен инспектор												
Б3 – пом. главен инспектор												
Б4 – виш инспектор												
В1 – советник инспектор		1	2		1	4		1	2		1	4
В2 – самостоен инспектор												
В3 – помошник инспектор					1	1					1	1
В4 – помлад инспектор	1	3	6	1		11	1	3	6	1		11
Вкупно	1	4	8	1	2	16	1	4	8	1	2	16

Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во полугодието

Вид	Инспектор за архивски материјал			Вкупно инспектори		
Ниво-Звање/Возраст	Враб.	Престанок	Разлика	Враб.	Престанок	Разлика
Б1 – генерален инспектор			0	0	0	0
Б2 – главен инспектор			0	0	0	0
Б3 – пом. глав. инспектор			0	0	0	0
Б4 – виш инспектор			0	0	0	0
В1 – советник инспектор			0	0	0	0
В2 – самостоен инспектор			0	0	0	0
В3 – помошник инспектор		1	- 1	0	0	-1
В4 – помлад инспектор			0	0	0	0
Вкупно		1	-1			-1

Во инспекцискатa служба, од м. ноември на инспекторот за архивски материјал Ванчо Стојчевски, му престана работниот однос поради исполнување на правото на пензионирање.(од м.октомври користеше годишен одмор)

➢ Инспекциски надзор

Одделението за инспекциски надзор има за цел преку инспекцискиот надзор да го подигне нивото на одговорност и почитувањето на законските норми во однос на чувањето и заштитата на архивскиот и документарниот материјал кај имателите и да создаде предуслови за преземање на архивскиот материјал од имателите во Државниот архив на трајно чување, како и да обезбеди достапност на архивскиот материјал во јавноста (со почитување на роковите за достапност) за историски истражувања и за остварување на одредени граѓански права (остварување на пензиски права, имотно-правни односи и сл.).

Државниот архив на Република Северна Македонија преку Одделението за инспекциски надзор врши приоритетен инспекциски надзор кај имати на јавен архивски материјал (државни органи, јавни институции) кој согласно Законот за архивски материјал е дефиниран како сопственост на Република Северна Македонија. Најчести пропусти во работењето кај имателите на архивски материјал се регистрирани во однос на непочитувањето на обврската за одбирање на архивскиот од документарниот материјал, како и евидентирањето на материјалот од трајна историска вредност, кој по 20 години од неговото создавање се предава на трајно чување во Државниот архив. Затоа во текот на инспекциските надзори посебен акцент се става на овој сегмент од работењето на имателите на архивски материјал. Во однос на надзор над приватните имати беа извршени над здруженија, сојузи кои се од јавен интерес.

Во изминатиот шестмесечен период инспекторите вршеа инспекциски надзор пред се кај субјекти кои создаваат јавен архивски и документарен материјал. Во овој период се реализираа редовни, контролни и вонредни инспекциски надзор по иницијативи од правни лица, претставки, налози и сл. Во изминатиот период препратени се иницијативи на надлежност за вршење вонреден инспекциски надзор, до друга инспекциска служба, согласно чл.72 ст.4 од Законот за инспекциски надзор, и за истото беше известен подносителот на иницијативата.

Од планираните 505 инспекциски надзори реализирани се вкупно 494 инспекциски надзори, од кои 309 редовни, 171 контролни и 14 вонредни инспекциски надзор. Во периодот јули - декември генерално се реализирани во целост планираните инспекциски надзори со исклучок на дел кои се одложени од страна на имателите од здравствени причини на имателот и од страна на инспекторите, и истите се реализирани во наредниот период. Кај имателите на архивски и документарен материјал констатирани се недостатоци во работењето и донесени се решенија со инспекциски мерки – опомени и наредби кај вкупно 151 имати.



Инспекцискиот надзор врз архивското работење кај имателите на јавен архивски материјал и врз канцелариското и архивското работење кај имателите на приватен архивски материјал е значаен заради избегнување на ризиците од неприменување на законските прописи кои го регулираат архивското работење и тоа чување на архивскиот и документарниот материјал во услови определени со законските и подзаконските акти и негово предавање во Државниот архив во изворна форма.

Во овој период поточно месеците каде што се реализирани помал број инспекциски надзори, инспекторите користеа прв дел од годишните одмори.

Аналитички осврт и табеларен преглед на месечните планови во однос на Рег-6-РИИ

ЈУЛИ - ДЕКЕМВРИ 2024 г.

Катерина Васиќ, советник инспектор, централен дел

Во периодот јули - декември во Скопскиот регион, од планираните 25, реализирани се вкупно 28 надзори, 5 вонредни надзори и 2 одложени кои се реализирани во наредниот период. Во овој период извршени се инспекциски надзори кај имателите на јавен архивски и документарен материјал и беа посетени министерства, обвинителства, комори, факултети, клиники и сл. При редовните инспекциски надзори констатирани се неправилности во архивското работење и тоа: одбирање на архивскиот и документарниот материјал, доставување опис и попис на архивски материјал, обезбедување соодветни услови за чување и заштита на архивскиот материјал, додека кај дел од јавните институции доставување на попис на документарен материјал со изминат рок на чување предложен за уништување, заради ослободување на просторен капацитет во работните простории.



Билјана Јоноска, помлад инспектор Одделение Охрид

Во периодот јули - декември во Југозападниот регион, од планираните 39, реализирани се 32 надзори, од кои 7 инспекциски надзори се одложени од оправдани здравствени причини на инспекторот и истите се реализирани во наредниот период. Во овој период извршени се инспекциски надзори кај имателите на јавен архивски и документарен материјал: правосудство, единици на министерства, фондови, агенции, заводи, јавни претпријатија, училишта, културни установи, здравствени домови и сл. При редовните инспекциски надзори констатирани се неправилности во архивското работење и тоа: одбирање на архивскиот од документарниот материјал, доставување опис и попис на архивски материјал, обезбедување соодветни услови за чување и заштита на архивскиот материјал, предавање на архивскиот материјал во Државниот архив, и кај дел од јавните институции доставување на попис на документарен материјал со изминат рок на чување предложен за уништување, заради ослободување на просторен капацитет во работните простории, и задолжување за предавање на архивскиот материјал на трајно чување во Државниот архив – Одделение Охрид.



Маре Бојчовска, помлад инспектор централен дел

Во периодот јули - декември во Скопскиот регион, од планираните 32 реализирани се вкупно 33 надзори, од кои 2 надзори се одложени од оправдани причини и истите се реализирани во наредниот период и 3 вонредни надзори. Во овој период извршени се инспекциски надзори кај имателите на јавен архивски и документарен материјал: министерства, обвинителства, комори, факултети, клиники, нотари и сл.. При редовните инспекциски надзори констатирани се неправилности во архивското работење и тоа: одбирање на архивскиот од документарниот материјал, доставување опис и попис на архивски материјал.



Наим Адеми, помлад инспектор Одделение Тетово

Во периодот јули - декември во Полошкиот регион, од планираните 32 реализирани се 32 надзори. Во овој период извршени се инспекциски надзори кај имателите на јавен архивски и документарен материјал: правосудство, единици на министерства, фондови, агенции, заводи, јавни претпријатија, училишта, културни установи, здравствени домови, градинки. При редовните инспекциски надзори констатирани се неправилности во архивското работење и тоа: одбирање на архивскиот од документарниот материјал, доставување опис и попис на архивски материјал, доставување на попис на документарен материјал со изминат рок на чување предложен за уништување, заради ослободување на просторен капацитет во работните простории, и обезбедување соодветен простор за чување и заштита на архивскиот материјал.



Цветанчо Тодоровски, помлад инспектор Одделение Велес

Во периодот од јули - декември во Вардарскиот регион, планирани и иреализирани се 25 инспекциски надзори. Во овој период извршени се инспекциски надзори кај имателите на јавен архивски и документарен материјал: правосудни органи, јавни претпријатија, нотари, извршители, училишта, градинки, културни установи, здравствени домови, приватни иматели и сл. Инспекторот од Одделение Велес планираше и реализираше инспекциски надзори и во југоисточниот регион, бидејќи се уште нема инспектор во Одделение Струмица. При редовните инспекциски надзори констатирани се неправилности во архивското работење и тоа: одбирање на архивскиот од документарниот материјал, доставување опис и попис на архивски материјал, кај дел од јавните институции доставување на попис на документарен материјал со изминат рок на чување предложен за уништување и доставување на попис на документарен материјал со изминат рок на чување предложен за уништување, заради ослободување на просторен капацитет во работните простории и обезбедување на соодветен простор за чување и заштита на архивскиот материјал.



м-р Наумче Ризовски, советник инспектор Одделение Велес

Во периодот јули - декември во Вардарскиот регион, од планираните 29 реализирани се 30 инспекциски надзори, од кои 1 вонреден по препратена иницијатива на надлежност и 1 одложен од оправдани причини и истиот е реализиран во наредниот период. Во овој период извршени се инспекциски надзори кај имателите на јавен архивски и документарен материјал: правосудни органи, фондови, центри за култура, училишта, градинки, јавни претпријатија, нотари. При редовните инспекциски надзори констатирани се неправилности во архивското работење и тоа: одбирање на архивскиот од документарниот материјал, доставување опис и попис на архивски материјал, кај дел од јавните институции доставување на попис на документарен материјал со изминат рок на чување предложен за уништување и доставување на попис на документарен материјал со изминат рок на чување предложен за уништување, заради ослободување на просторен капацитет во работните простории и обезбедување на соодветен простор за чување и заштита на архивскиот материјал.



Александар Петрушовски, помлад инспектор Одделение Скопје

Во периодот јули - декември во Скопскиот регион, од планираните 39 реализирани се вкупно 40 надзори, од кои 1 вонреден надзор по иницијатива. Во овој период извршени се инспекциски надзори кај имателите на јавен архивски и документарен материјал: правосудни органи, единици на министерства, јавни претпријатија, градинки, основни и средни училишта, здравствени домови и сл. При редовните инспекциски надзори констатирани се неправилности во архивското работење и тоа: одбирање на архивскиот од документарниот материјал, доставување опис и попис на архивски материјал и кај дел од јавните институции доставување на попис на документарен материјал со изминат рок на чување предложен за уништување заради ослободување на просторен капацитет во работните простории.



Бобан Трајчевски, помлад инспектор Одделение Скопје

Во периодот јули - декември во Скопскиот регион, од планираните 31 реализирани се 29 надзори, од кои 1 вонреден по иницијатива и одложени се 3 инспекциски надзори кои се реализирани во наредниот период. Во овој период извршени се инспекциски надзори кај имателите на јавен архивски и документарен материјал: правосудни органи, единици на министерства, јавни претпријатија, градинки, основни и средни училишта, здравствени домови и сл.
Инспекторот Бобан Трајчевски е избран за предавач-обучувач во И. Совет, според тоа во изминатите месеци реализираше помалку надзори заради ангажманот околу интерактивната обука на инспекторите, која ја организира И.Совет. При редовните инспекциски надзори констатирани се неправилности во архивското работење и тоа: одбирање на архивскиот од документарниот материјал, доставување опис и попис на архивски материјал, кај дел од јавните институции доставување на попис на документарен материјал со изминат рок на чување предложен за уништување заради ослободување на просторен капацитет во работните простории.



Бобан Митев, помлад инспектор Одделение Штип

Во периодот јули - декември во Источниот регион, од планираните 42 реализирани се 41 инспекциски надзори, од кои 1 одложен и реализиран во наредниот период. Во овој период извршени се инспекциски надзори кај имателите на јавен архивски и документарен материјал: правосудни органи, единици на министерства, јавни претпријатија, градинки, основни и средни училишта, здравствени домови, приватни иматели и сл. При редовните инспекциски надзори констатирани се неправилности во архивското работење и тоа: одбирање на архивскиот од документарниот материјал, доставување опис и попис на архивски материјал, кај дел од јавните институции доставување на попис на документарен материјал со изминат рок на чување предложен за уништување заради ослободување на просторен капацитет во работните простории.



Енис Исмаиљи, помлад инспектор Одделение Куманово

Во периодот јули – декември во Североисточниот регион, од планираните 40 реализирани се 40 инспекциски надзори. Во овој период извршени се инспекциски надзори кај имателите на јавен архивски и документарен материјал: фондови, јавни претпријатија, нотари, извршители, основни и средни училишта, градинки, здравствени домови и сл. При редовните инспекциски надзори констатирани се неправилности во архивското работење и тоа: одбирање на архивскиот од документарниот материјал, доставување опис и попис на архивски материјал, кај дел од јавните институции доставување на попис на документарен материјал со изминат рок на чување предложен за уништување заради ослободување на просторен капацитет во работните простории.



Марија Дурлова, советник инспектор Одделение Битола

Во периодот јули - декември во Пелагонискиот регион, од планираните 44 реализирани се 43 надзори од кои 2 се одложени на барање на имателите и истите се реализирани во наредниот период и 1 вонреден надзор по иницијатива. Во овој период извршени се инспекциски надзори кај имателите на јавен архивски и документарен материјал: фондови, здравствени домови, клиники, културни центри, извршители и сл.. При редовните инспекциски надзори констатирани се неправилности во архивското работење и тоа: одбирање на архивскиот од документарниот материјал, доставување опис и попис на архивски материјал, предавање на архивскиот материјал во Државниот архив, кај дел од јавните институции доставување на попис на документарен материјал со изминат рок на чување предложен за уништување, заради ослободување на просторен капацитет во работните простории како и задолжување за предавање на архивскиот материјал на трајно чување во Одделение Битола.



Ребека Бајдевска Ѓошева, помлад инспектор Одделение Велес

Во периодот јули - декември во Вардарскиот регион, од планираните 36 реализирани се 31 надзори, од кои 6 одложени заради користење боледување од страна на инспекторот подолг временски период и 1 вонреден надзор. Инспекторот од Одделение Велес беше ангажирана во изборниот процес, конкретно во Општинската изборна комисија Велес, од таа причина реализираше помалку инспекциски надзори. Во овој период извршени се инспекциски надзори кај имателите на јавен архивски и документарен материјал: агенции, јавни претпријатија здравствени домови, културни центри и сл. При редовните инспекциски надзори констатирани се неправилности во архивското работење и тоа: одбирање на архивскиот од документарниот материјал, доставување опис и попис на архивски материјал, кај дел од јавните институции доставување на попис на документарен материјал со изминат рок на чување предложен за уништување, заради ослободување на просторен капацитет во работните простории.



Ванчо Стојчевски, помошник инспектор Одделение Штип

Во периодот јули - декември во Источниот регион, од планираните 12 реализирани се 12 инспекциски надзори. Инспекторот вршеше инспекциски надзори заклучно со м. септември, од м. октомври користеше остаток од годишниот одмор бидејќи ги исполни условите за пензионирање и заклучно со м. ноември му престана работниот однос.
Во овој период извршени се инспекциски надзори кај имателите на јавен архивски и документарен материјал: дирекции, јавни претпријатија, основни училишта, културни домови и сл. При редовните инспекциски надзори констатирани се неправилности во архивското работење и тоа: одбирање на архивскиот од документарниот материјал, доставување опис и попис на архивски материјал.



Филип Ристески, помлад инспектор Одделение Прилеп

Во периодот јули - декември во Пелагонскиот регион, од планираните 24 реализирани се 24 инспекциски надзори. Во овој период извршени се инспекциски надзори кај имателите на јавен архивски и документарен материјал: јавни претпријатија, агенции, центри, единици на министерствата, единици на локална самоуправа, дирекции, агенции, основни училишта, градинки, и сл. Инспекторот од Одделение Прилеп воедно го координира Одделението Прилеп при Државниот архив и од таа причина се планирани и реализирани помалку инспекциски надзори. При редовните инспекциски надзори констатирани се неправилности во архивското работење и тоа: одбирање на архивскиот од документарниот материјал, доставување опис и попис на архивски материјал, кај дел од јавните институции доставување на попис на документарен материјал со изминат рок на чување предложен за уништување.



д-р Никола Митровиќ, советник инспектор Одделение Охрид

Во периодот кули - декември во Југозападниот регион, од планираните 32 реализирани се 34 инспекциски надзори, од кои 1 надзор е одложен и истиот се реализира во наредниот период и 1 вонреден по препратена иницијатива на надлежност. Во месечниот план за м. октомври направен е превид во табеларниот преглед за 1 надзор помалку, затоа во регистарот за м. октомври инспекторот има реализирано 1 надзор повеќе од планираното, за што И.совет е навремено известен. Инспекторот од Одделение Охрид воедно го координираше Одделението Охрид при Државниот архив до м. октомври и од таа причина се планирани и реализирани помалку инспекциски надзори. Во овој период извршени се инспекциски надзори кај имателите на јавен архивски и документарен материјал: правосудни органи, единици на министерствата, јавни претпријатија, културни домови, јавни претпријатија, основни училишта, здравствени домови и сл. При редовните инспекциски надзори констатирани се неправилности во архивското работење и тоа: одбирање на архивскиот од документарниот материјал, доставување опис и попис на архивски материјал, кај дел од јавните институции доставување на попис на документарен материјал со изминат рок на чување предложен за уништување и предавање на архивскиот материјал на трајно чување во Одделение Охрид.



Марија Томиќ Ангелов, помлад инспектор Одделение Куманово

Во периодот јули – декември во Североисточниот регион, од планираните 23 реализирани се 22 инспекциски надзори, 1 надзор е одложен и истиот е реализиран во наредниот период. Инспекторот во м. јули го положи испитот за стекнување со лиценца за инспектор и од м. спет,ври започна со вршење на редовни инспекциски надзори за подрачјето на Одделение Куманово. Во овој период извршени се инспекциски надзори кај имателите на јавен архивски и документарен материјал: основни и средни училишта, универзитети, градинки, агенции, културни центри, јавни претпријатија и сл. При редовните инспекциски надзори констатирани се неправилности во архивското работење и тоа: одбирање на архивскиот од документарниот материјал, доставување опис и попис на архивски материјал, кај дел од јавните институции доставување на попис на документарен материјал со изминат рок на чување предложен за уништување заради ослободување на просторен капацитет во работните простории.



Табела 3

Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во полугодието, по региони и општини, извршени од инспекторите од Државен архив на РСМ - Одделение за инспекциски надзор

Ред.Бр.	Регион/Општина	Вид на надзор			Вкупно надзори	Вкупно неправилн.
		Редовен надзор	Вонред. надзор	Контрол. надзор		
	Вардарски регион	63	1	27	91	29
1	Велес	29	1	11	41	15
2	Градско				0	
3	Демир Капија	1		3	4	2
4	Кавадарци	11		8	19	8
5	Лозово	1			1	
6	Неготино	11		1	12	1
7	Росоман				0	
8	Свети Николе	7		3	10	2
9	Чашка	3		1	4	1
	Источен регион	16	1	17	34	10
10	Берово				0	
11	Виница	5		2	7	2
12	Делчево	1		2	3	1
13	Зрновци			1	1	
14	Карбинци	2			2	1
15	Кочани	4		5	9	2
16	Македонска Каменица				0	
17	Пехчево				0	
18	Пробиштип	2		2	4	1
19	Чешиново			1	1	
20	Штип	2	1	4	7	3
	Југозападен регион	37	1	32	70	24
21	Вевчани				0	
22	Дебар	2		3	5	3
23	Дебарца			1	1	
24	Кичево	10	1	4	15	10
25	Македонски Брод			1	1	
26	Охрид	14		10	24	7
27	Пласница			2	2	

28	Струга	9		11	20	4
29	Центар Жупа	2			2	
	Југоисточен регион	7	0	4	11	3
30	Богданци				0	
31	Босилово				0	
32	Валандово	1			1	
33	Василево				0	
34	Гевгелија	2		1	3	1
35	Дојран				0	
36	Конче				0	
37	Ново Село				0	
38	Радовиш	4		2	6	2
39	Струмица			1	1	
	Пелагониски регион	37	1	26	64	23
40	Битола	18	1	12	31	16
41	Демир Хисар	4		2	6	2
42	Долнени				0	
43	Кривогаштани				0	
44	Крушево	1		3	4	
45	Могила				0	
46	Новаци			1	1	
47	Прилеп	11		6	17	4
48	Ресен	3		2	5	1
	Полошки регион	10	0	22	32	6
49	Боговиње			1	1	
50	Бревеница				0	
51	Врапчиште				0	
52	Гостивар	3		5	8	
53	Желино			1	1	
54	Јегуновце				0	
55	Маврово и Ростуша				0	
56	Теарце	2		2	4	2
57	Тетово	5		13	18	4
	Североисточен регион	49	0	13	62	18
58	Кратово	18			18	5
59	Крива Паланка	6		4	10	4
60	Куманово	20		8	28	8
61	Липково	2			2	
62	Ранковце	3		1	4	1

63	Старо Нагоричане				0	
	Скопски регион	90	10	30	130	38
64	Аеродром	2		1	3	1
65	Арачиново	1			1	1
66	Бутел	2			2	1
67	Гази Баба	8	1	1	10	1
68	Ѓорче Петров		1		1	
69	Зелениково	1		1	2	1
70	Илинден	1		1	2	
71	Карпош	13		6	19	6
72	Кисела Вода	5			5	1
73	Петровец	2			2	1
74	Сарај	3		1	4	
75	Сопиште	1			1	
76	Студеничани	1		1	2	1
77	Центар	44	8	15	67	22
78	Чаир	4		2	6	
79	Чучер-Сандево	1		1	2	1
80	Шуто Оризари	1			1	1
ВКУПНО		309	14	171	494	151

- **Обука на инспекторите и административните службеници**

Во второто шестомесечје од 2024 година Одделението за инспекциски надзор реализираше повеќе состаноци on line преку ZOOM платформата за обуки, и се водеше дискусија со конкретно истакнување на проблеми на терен со кои се соочуваат инспекторите и давање на предлози за нивно надминување и решавање.

Во изминатиот период вд раководителот оствари работни средби со правната служба во Државниот архив. Во однос на одржаните работни состаноци инспекторите беа информирани по електронски пат заради поефикасно унифицирано работење на инспекцискатa служба.

Во врска со обуките на инспекторите и административните службеници во согласност со потребите на инспекцискатa служба, инспекторот има право стручно да се обучува и усовршува.

Стручното усовршување се спроведува согласно генерички и специјализирани обуки. Согласно чл.49 ст.3 од Законот за инспекциски надзор (Сл. весник на РСМ бр.102/19), Инспекцискиот совет ја донесе Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2023 година заведена под број 02-633/2 од 15.06.2023 година, и беа одбрани се следните три генерички обуки за инспекторите за архивски материјал:

Тема 1.13 – Спречување на корупција

Тема 1.14 – Систем на интегритет во инспекциските служби

Тема 1.15 – Информатички систем за спроведување инспециски надзор – Е-Инспектор

Генеричките обуки со наведените теми и модули, успешно ги поминаа инспекторите за архивски материјал, на LMS платформата организирана од Инспекцискиот совет, и за сите инспектори беше изгенериран Сертификат за успешно реализирана генеричка обука.

Согласно член 31 став (1) т.3 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ бр.102/19) , В.д. Раководителот на Одделението за инспекциски надзор врз основа на донесените: Годишен План за стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2024 година, под бр.16-2872/2 од 20.11.2023 г. и Годишна програма за специјализирана обука на инспекторите под бр.16-2873/2 од 20.11.2023 г., беше реализирана Специјализирана обука за инспекторите за архивски материјал, во конференциската сала Порта во Скопје.

Главната цел на Специјализираната обука на инспекторите е надградување на основните компетенции и вештини на инспекторите, со што ќе се овозможи постигнување на високи перформанси и помош во понатамошниот нивни професионален развој.

Специјализираната обука се одржа со физичко присуство на инспекторите за архивски материјал со исклучок на двајца инспектори кои од оправдани причини не присуствуваа. На обуката покрај инспекторите за архивски материјал, земаа учество претставникот од Инспекцискиот совет д-р Благоја Гешоски член надлежен за државна управа и државниот советник за правни работи м-р Сашо Јанкуловски со кои беше развиена дискусија и разменети мислења во врска со темата „ Примена на материјалниот Закон за архивски материјал, Закон за инспекциски надзор и Закон за прекршоците односно примената на прекршочните одредби и постапување при поднесени иницијативи, претставки и налози за вршење вонреден инспекциски надзор.

На обуката беше ставен посебен акцент за Одделението за инспекциски надзор од страна на членот од Инспекцискиот совет дека со промената на Внатрешната организација на нашата институција, Одделението треба да се реорганизира во Сектор за инспекциски надзор со одделенија, како сите организациони единици во државната управа од областа на инспекцискиот надзор.

❖ **Буџет и финансирање**

Одделението за инспекциски надзор нема посебен буџет и функционира во рамките на буџетот на Државниот архив. Имајќи го предвид Буџетот на Државниот архив од Одделението за финансиско и материјално работење изготвен е табеларен преглед за предвидени финансиски средства за Одделението за инспекциски надзор за 2024 год. и во овој преглед искористени се средства само од ставките 420, 423 и 426.

ставка шифра	Ставка	износ
420	патни и дневни расходи	200.000
420	годишни билети за јавен автобуски превоз	60.000
423	материјали и ситен инвентар	30.000
425	осигурување на инспектори	20.000
426	специјализирани обуки на инспектори	200.000

- **Меѓународна соработка**

Одделението за инспекциски надзор претставува организациона единица во рамките на Државниот архив каде што во изминатиот период не е реализирана меѓународна соработка.

Други активности на инспекциската служба

Одделението за инспекциски надзор работи во целосна усогласеност со Законот за инспекциски надзор и Правилникот за внатрешна организација на Државниот архив усогласени се описите на работните задачи и звањата на инспекторите, а шифрите и звањата на инспекторите се усогласени со Каталогот на работни места во јавниот сектор. Во изминатиот период вд раководителот оствари работни средби со правната служба како и интерни средби во Државниот архив, во однос на донесување на новиот нацрт Закон за архивска дејност кој е сеуште во процедура. Во однос на одржаните работни состаноци инспекторите беа информирани по електронски пат заради поефикасно унифицирано работење на инспекциската служба.

Одделението за инспекциски надзор нема посебна интернет страница и информациите за работата на инспекциската служба се објавени на web страната во рамките на описот на работата и надлежностите на Државниот архив.

Во наредниот период инспекциската служба има за цел интерно унапредување на инспекторите за архивски материјал, кои во поголем број се помлади инспектори и истите повеќе од деценија работат во инспекциската служба, и имаат големо работно искуство во Државниот архив.

Одделението за инспекциски надзор се соочува со сериозен проблем на терен, кој е најзастапен кај подрачните одделенија, бидејќи Државниот архив не располага со службени возила, и секогаш се користи меѓуградскиот јавен превоз. Во иднина се надеваме дека транспортот на инспекторите кои територијално покриваат повеќе градови, ќе се олесни со набавка на службени возила, а со тоа ќе се подобри и ќе се олесни функционирањето на инспекциската служба.

Заклучоци и препораки

Одделението за инспекциски надзор при Државниот архив на Република Северна Македонија има надлежност за постапување и спроведување на овој

шестмесечен извештај за работа, за негово доставување во електронска и писмена верзија до Инспекцискиот совет, како и за информирање на раководството на Државниот архив за статусот на реализација на шестмесечниот извештај за работа, и постапувањето на извршителите за надзор и контрола кај имателите во овој изминат период.

Одделението за инспекциски надзор има беспрекорна меѓусебна соработка со Инспекцискиот совет и надлежностите кон него, објавува информации за своето работење на WEB страницата на Државниот архив, согласно законските регулативи, и оваа заедничка соработка ќе продолжи и во иднина со цел зајакнување на капацитетот, вредноста и успешноста на инспекторите.

Изработила:
Катерина Васиќ, вд Раководител на
Одделение за инспекциски надзор

Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во полугодието, по вид, возраст и звање - Државен архив на РСМ - Одделение за инспекциски надзор

Вид	Инспектор за архивски материјал						Вкупно инспектори					
Ниво-Звање/Возраст	<30 г.	31-40 г.	41-50 г.	51-60 г.	>60 г.	Вкупно	<30 г.	31-40 г.	41-50 г.	51-60 г.	>60 г.	Вкупно
Б1 - генерален инспектор						0						
Б2 - главен инспектор						0						
Б3 - пом. главен инспектор						0						
Б4 - виш инспектор						0						
В1 - советник инспектор			2	1	1	4		0	2	1	1	4
В2 - самостоен инспектор						0						
В3 - помошник инспектор					1	1					1	1
В4 - помлад инспектор	1	3	6	1		11	1	3	6	1		11
Вкупно	1	3	8	2	2	16	1	3	8	2	2	16

Забелешка: Заклучно до м. Септември вршеа вкупно 16 инспектори за архивски материјал, додека од

Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во полугодието

Вид	Инспектор за архивски материјал			Вкупно инспектори		
Ниво-Звање/Возраст	Враб.	Престан	Разлика	Враб.	Престан	Разлика
Б1 - генерален инспектор			0	0	0	0
Б2 - главен инспектор			0	0	0	0
Б3 - пом. глав. инспектор			0	0	0	0
Б4 - виш инспектор			0	0	0	0
В1 - советник инспектор			0	0	0	0
В2 - самостоен инспектор			0	0	0	0
В3 - помошник инспектор		1	-1	0	1	-1
В4 - помлад инспектор			0	0	0	0
Вкупно	0	1	-1	0	1	-1

Во инспекциската служба, од м. ноември на инспекторот за архивски материјал Ванчо Стојчевски, му престана работниот однос поради исполнување на правото на пензионирање. (од м.октомври користеше годишен одмор)

Табела 3 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во полугодието, по региони и општини, извршени од инспекторите од Државен архив на РСМ - Одделение за инспекциски надзор

Ред.Бр.	Регион/Општина	Вид на надзор			Вкупно надзори	Вкупно неправилн.
		Редовен надзор	Вонред. надзор	Контрол. надзор		
	Вардарски регион	63	1	27	91	29
1	Велес	29	1	11	41	15
2	Градско				0	
3	Демир Капија	1		3	4	2
4	Кавадарци	11		8	19	8
5	Лозово	1			1	
6	Неготино	11		1	12	1
7	Росоман				0	
8	Свети Николе	7		3	10	2
9	Чашка	3		1	4	1
	Источен регион	16	1	17	34	10
10	Берово				0	
11	Виница	5		2	7	2
12	Делчево	1		2	3	1
13	Зрновци			1	1	
14	Карбинци	2			2	1
15	Кочани	4		5	9	2
16	Македонска Каменица				0	
17	Пехчево				0	
18	Пробиштип	2		2	4	1
19	Чешиново			1	1	
20	Штип	2	1	4	7	3
	Југозападен регио	37	1	32	70	24
21	Вевчани				0	
22	Дебар	2		3	5	3
23	Дебарца			1	1	
24	Кичево	10	1	4	15	10
25	Македонски Брод			1	1	
26	Охрид	14		10	24	7
27	Пласница			2	2	
28	Струга	9		11	20	4
29	Центар Жупа	2			2	
	Југоисточен регио	7	0	4	11	3
30	Богданци				0	
31	Босилово				0	
32	Валандово	1			1	
33	Василево				0	
34	Гевгелија	2		1	3	1
35	Дојран				0	
36	Конче				0	

37	Ново Село				0	
38	Радовиш	4		2	6	2
39	Струмица			1	1	
	Пелагониски регио	37	1	26	64	23
40	Битола	18	1	12	31	16
41	Демир Хисар	4		2	6	2
42	Долнени				0	
43	Кривогаштани				0	
44	Крушево	1		3	4	
45	Могила				0	
46	Новаци			1	1	
47	Прилеп	11		6	17	4
48	Ресен	3		2	5	1
	Полошки регион	10	0	22	32	6
49	Боговиње			1	1	
50	Бревеница				0	
51	Врапчиште				0	
52	Гостивар	3		5	8	
53	Желино			1	1	
54	Јегуновце				0	
55	Маврово и Ростуша				0	
56	Теарце	2		2	4	2
57	Тетово	5		13	18	4
	Североисточен рег	49	0	13	62	18
58	Кратово	18			18	5
59	Крива Паланка	6		4	10	4
60	Куманово	20		8	28	8
61	Липково	2			2	
62	Ранковце	3		1	4	1
63	Старо Нагоричане				0	
	Скопски регион	90	10	30	130	38
64	Аеродром	2		1	3	1
65	Арачиново	1			1	1
66	Бутел	2			2	1
67	Гази Баба	8	1	1	10	1
68	Ѓорче Петров		1		1	
69	Зелениково	1		1	2	1
70	Илинден	1		1	2	
71	Карпош	13		6	19	6
72	Кисела Вода	5			5	1
73	Петровец	2			2	1
74	Сарај	3		1	4	
75	Сопиште	1			1	
76	Студеничани	1		1	2	1
77	Центар	44	8	15	67	22
78	Чаир	4		2	6	
79	Чучер-Сандево	1		1	2	1
80	Шуто Оризари	1			1	1
ВКУПНО		309	14	171	494	151